**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕАТАРСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.04.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник од областа Театрологија (**Сценски движења и танци**) (Фраскатиева класификација), во сите наставно научни звања на Факултетот за театарски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по предметот **Сценски движења**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 29 март 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **м-р Елизабет Колевска.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш,**
**Вонреден професор Гоце Ристовски,**
**Вонреден професор Трајче Кацаров,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Творечкиот пат на м-р Елизабет Колевска исцело се поврзува со танцот и неговата теорија. Таа своето образование го оформува на Факултетот за Музичка Уметност – Скопје при отсекот балетска педагогија – современ танц со додипломските студии (2015) и постдипломските студии (2018).

Од 2016-та година е основач на Здружение за развивање балетска уметност Арабеск- Штип, со што се труди да направи децентрализација и ширење на балетската уметност надвор од главниот град.

Од 2017-та година започнува со работа како наставник во средниот оддел на ДМБУЦ Илија Николовски Луј.

Во 2020-та година ја започнува соработката со Универзитетот Еуропа Прима, каде е ангажирана како стручен соработник за предметот сценски движења.

Во 2022 година е ангажирана и од Факултетот за Музичка Уметност за спроведување на наставата по истоимениот предмет – сценски движења со танци.

Со овие ангажмани таа остварува и покажува продуктивна комуникација со ученици и студенти, надоградувајќи ги нивните сознанија во областа на танцот и танцовата теорија, како и незапирлива истражувачка и себе-надоградувачка дејност во областа на едукацијата.

Учество зазема на многубројни танцови фестивали, натпревари, проекти и концерти.

Дел од активностите во кои учествува во текот на годините се - кореограф на одбележувањето на Ден на Европа 2018, кореограф на танцови фрагменти како дел од филмската музичка вечер на гудачкиот камерен оркестар АРКО и нивниот 15 годишен јубилеен концерт во 2018 година, кореограф на танцови изведби за детскиот музички фестивал за албанска музика Ylberi 2018, учество со своја кореографија на Танц Фест- Куманово 2019, кореограф на отварањето на втората вечер на музичкиот фестивал Макфест во 2019 год., кореограф на Музички хепенинг на млади музички и балетски таленти, во организација на Град Скопје по повод 75 годишниот јубилеј на ДМБУЦ Илија Николовски Луј во 2020 год., кореограф на неколку детски балетски претстави – Грдото Пајче, Новогодишна ноќ, Девојчето со кибритчињата, Палешка изведени во НУЦК Ацо Шопов – Штип, кореограф на танцови фрагменти за годишните балетски концерти на ДМБУЦ Илија Николовски Луј и др.

Координатор е и на неколку меѓународни семинари за ДМБУЦ И ФМУ, меѓу кои семинарот со Урша Рупник од Словенија и Бојан Мицев, Германија, а зазима учество и во теоретскиот дел на фестивалот за современ танц Antistatic во Бугарија – Writing about dance во 2019 год. Ангажирана е за пишување рецензија во соработка со Локомотива Центарот за Нови Иницијативи во Уметноста и Културата за делото „Ми треба ново тело“ на Викторија Илиоска, во 2022 година, во кое се разгледува родовиот и перформативен идентитет.

Своите ставови, размислувања и гледишта ги искажува преку пишаните трудови и учествата на многубројни државни и меѓународни конференции како Меѓународната балканска конференција- Состојби и перспективи во музичко-балетското образование во 2020 год.,со својот текст Културни репрезентации на родовите идентитети во перфромансот, Етно самитот Традиција Нова со трудот Традиција и модернизам во 2022 год., Симпозиумот на ФМУ Предизвици во културата, уметност во услови на КОВИД во 2022 год., со текстот Танцовата уметност и виртуелноста, каде влегува во организациски одбор на симпозиумот, потоа Конференцијата- Менување Перспективи организирана од ФДУ во склоп на Фестивалот Скомрахи во 2022 год., Конференцијата – Современите текови во македонското музичко сценско творештво во 2023 год., со текстот Приказ на градењето родов и перформативен идентитет, каде исто така е дел од организацискиот одбор и многу други.

Работи на проектот Тела надвор од рамката во 2021 год., како проект поддржан од Министерство за Култура на РСМ. Во соработка со ФМУ е дел од организацијата на Фестивал на класичен и модерен танц – CreDance во 2023 година.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Елизабет Колевска** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Насловен доцент** по предметот **Сценски движења,** на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за театарски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш**

______________________________

**Вонреден професор Гоце Ристовски**

______________________________

**Вонреден професор Трајче Кацаров**

______________________________

**Скопје**
**28.04.2023**